# Почитувани потрошувачи

Ве потсетуваме дека понудата за плаќање на рати на заостанатите долгови за електрична енергија завршува на 31 мај. Побрзајте и информирајте се во нашите наплатни пунктови за можноста за искористување на оваа понуда.

Постојат следните можности за надоместување на долговите:

### Домаќинства

Спогодба за плаќање на севкупниот долг на повеќе рати со камата, и тоа:

| | |
|---|---|
| до 6.000,00 денари | 1 (една) рата |
| од 6.001,00 денари до 15.000,00 денари | 2 (две) рати |
| од 15.001,00 денари до 30.000,00 денари | 3 (три) рати |
| повеќе од 30.000,00 денари | 4 (четири) рати |

### Мали бизнис-потрошувачи

Спогодба за плаќање на севкупниот долг на повеќе рати со камата, и тоа:

| | |
|---|---|
| до 30.000,00 денари | 1 (една) рата |
| повеќе од 30.000,00 денари | 2 (две) рати |

### Индустриски потрошувачи

Спогодба за плаќање на севкупниот долг на една рата, без камата. Нема опција за плаќање на рати.

* Доколку потрошувачот (од било која категорија на потрошувачи) го подмири заостанатиот долг во целост наеднаш, се иззема каматата од вкупниот долг.

## Наградна игра:

Би сакале да Ве потсетиме дека следното извлекување од наградната игра за редовните потрошувачи „Со секоја сметка поблиску до награда“ ќе се одржи на 1 јуни 2008 година во рамките на емисијата „Седумка“ на МТВ. Добитниците од второто извлекување од 4 мај 2008 ќе бидат објавени три дена по извлекувањето, во дневните весници „Дневник“ и „Коха“, како и на веб-страницата на EVN Македонија АД www.evn.com.mk. Во секое коло се доделуваат по 3 ваучери од 61.200 денари за купување апарати за домаќинството, по 30 ваучери за плаќање електрична енергија во вредност од 5.000 денари и по 300 ваучери за плаќање електрична енергија во вредност од 1.000 денари.

Плаќајте ги редовно своите сметки и очекувајте награда.

* Право на учество имаат сите оние потрошувачи што немаат заостанат долг по ниту една основа.

## Корисна информација:

Обидете се да штедите со користење на можноста за евтина и за скапа тарифа при користењето електрична енергија.
Од понеделник до сабота евтина електрична енергија има од 13 до 16 часот и од 22 до 7 следниот ден. Во недела има целодневно ниско тарифирање, односно викенд-евтина електрична енергија, практично од сабота 22 часот до понеделник 7 часот.

### Објаснување:

Ставката бр.31 од сметките за електрична енергија, која изнесува 89,50 денари, се однесува за општините под чија надлежност е уличното осветлување. EVN Македонија АД ја собира оваа давачка од потрошувачите за општините и за оваа услуга не добива никаков надоместок. Сите собрани средства од наша страна се префрлаат на општинските сметки.

**Користете ја електричната енергија разумно.**

EVN macedonia